ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-1315/1
Скопје, 14.6.2023 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), в.д. Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 1/2023 за унапредување на административни службеници**

**1.** Во врска со Интерниот оглас број 1/2023, зав. под арх. бр. 04-1163/1 од 29.05.2023 година, објавен на 01.06.2023 година истовремено на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Агенцијата за администрација, а согласно со Финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати со предлог од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, формирана со Решение бр. 04-1266/1 од 08.06.2023 година, за огласеното работно место се избира:

- за работното место од точка 1 од Интерниот оглас: ИНФ 01 02 В02 000 Виш соработник за нормативно-правни работи, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот: Кристина Јоакимовска.

**2.** Во рок од 5 (пет) дена по конечноста на оваа одлука, за унапредувањето на административниот службеник ќе се склучи нов договор за вработување во кој ќе бидат утврдени правата и обврските на унапредениот службеник согласно со новото работно место.

**3.** Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб-страницата на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.

***О б р а з л о ж е н и е***

Постапувајќи согласно со одредбите на Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр. 04-1266/1 од 08.06.2023 година, донесено од в.д. Директорот на Јавното претпријатие, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на ова решение, а по објавениот Интерен оглас на веб - страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и на веб - страницата на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за унапредување согласно Законот за административни службеници.

Врз основа на пристигнатите пријави на кандидатите за унапредување, по извршената административна селекција, за работното место од точка 1 – Записник број 04-1308/1 од 14.06.2023

година и спроведеното интервју на кандидатите и извршеното бодирање: за работното место од точка 1 – Записник од спроведено интервју број 04-1309/1 од 14.06.2023 година, Комисијата изготви и достави Финална ранг-листа со предлог за избор на кандидат по Интерен оглас, кои ги достави на натамошно постапување на ден 14.06.2023 година до в.д. Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот, раководното лице на институцијата е должно да донесе одлука за избор.

Врз основа на горенаведеното, в.д. Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена.

Доставено до:

- Именуваната
- Одделение за управување со човечки ресурси и општи работи
- Архива

**в.д. ДИРЕКТОР**
**Дејанчо Цветановски**

Изготвил: Анел Мехмед, ___________
Соработник за управување со човечки ресурси

Одобрил: Снежана Кузмановска, ___________
Помошник раководител на Сектор за нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси и општи работи